Врз основа член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 15.12.2022год. донесе:

**ПРОГРАМА**

**за активностите на општина Новаци во областа за Образование**

**Вовед**

Општина Новаци има едно централно и 8 подрачни училишта , секое училиште заслужува ист третман и исти услови за работа .

Образованието е најмоќна алатка ако сакаме да изградиме здрави и силни генерации . На учениците треба да им се обезбеди средина за учење што нуди најразлични доживувања со што ќе им се помогне да се развијат социјално , соодветно на нивната воздраст и степен на развој .Секое дете заслужува да има нормални услови за работа и напредок , средина каде што ќе се чувствува како дома .

**Основна цел**

Основна цел е да се разви, усоврши и да се подобри квалитетот на основното образованието преку предложените проекти .

**Крајна цел.**

Здрава средина за работа ,задоволни ученици кои ќе се формираат во разновидни личности и достојни граѓани на општесвото.

Во Програмата за Образование за 2022 година предвидени се проекти кои почнуваат од основните услови за работа и тоа рекоснтрукција на сите подрачни училишта во општина Новаци . Секој месец по едно реновирано училиште .

1. Училиштето е повеќе од дом. Во училиштета условите за работа треба да бидат нормални, децата да се чувствуваат сигурно и заштитено , топло и удобно. Затоа како прва нешто што сакаме да го почниме е реконструкција на сите подрачни училишта .

Табела 1

| | **Бач** | **Гермијан** | **Живојно** | **Добромири** | **Рибарци** |
|---|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на училишни објекти | -Врати<br>-Лабаво со чешма | -Врати<br>-Лабаво со чешма | -Врати<br>-Лабаво<br>-Струјна | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -Прозорци<br>-Струјна конструкција | -Струјна конструкција | конструкција | | |

2. Учениците мора да работата во здрава и чиста средина, мора да имаат основни услови за хидгиена. Во период кога светот се соочува со наголемите вируси и болести, најбитно е да се инвестира во основните хигиенски услови. За таа цела превидуваме нови тоалети во централното училиште ОУ “Славко Лумбарковски”, и нови тоалети во подрачното училиште во с.Добромири .

Табела 2

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на училишни тоалети | ПУ.Новаци | ПУ.Бач | | | |

3.Секој ученик треба да има услови за практично да го гради и развие својот талент .

Во 21 век повеќе од нужно е да се има опремени кабинети. Во 2022 година предвидуваме опремување на кабинети по биологија и хемија .

Табела 3

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опремување на училишни кабинети | Математика | Физика | Хемија | Биологија | |

4.Децата од училишна возраст треба да имаат урамнотежена исхрана, витамини и елементи во трагови, кои ќе му помогнат на телото да се развива и да остане здраво.

Тешко е да се воспостават здрави навики во исхраната, посебно кај деца, но не е невозможно. Масната, солена храна преполна со калории кои децата ги јадат во комбинација со сериозен недостаток на физичка активност, предизвикува прекумерна тежина и дебелина, која подоцна може да доведе до други здравствени тешкотии. Поради тоа е многу важно здравите оброци во исхраната да се развијат во најраниот живот, што доведува до долготрајна корист.

Затоа во програмата за образование предвидуваме отворање на кујна со здрава храна во училиштето во Новаци .

- Отворање кујна со здрава храна во училиштето во Новаци
- Табела

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кујна за здрава храна | ЦУ Славко Лумбарковски | | | | |

-

5.Изградба на сопствено затоплување на спортската сала во с.Новаци

Сите кои редовно тренираат се поотпорни на болести,зголемена им е работоспособноста,им се создава креативен дух,стануваат поурамнотежени,стекнуваат сигурност во сопствените сили,поведри се и подобро се вклопуваат во средината во која што живеат и учат.

Активност каде надминувајќи ги физичките бариери, децата можат да се ослободат од разни ментални блокади. Активност каде преку серија на физички задачи кои се неопходни за детето да реши, како да добие една хармонична целина. Активност преку која истовремено ги подобрува когнитивните способности, активност каде стекнува способност за истакнување на позитивната страна на личноста итн.  Учениците треба да имааат услови за одржување на своите физички активности , услови кои же бидат во чекор со 21 век .

Затоа битно е и многу клучно постоечката спортска сала во Новаци да добие сопствено затоплување.

6. Набавка на 3 Смарт табли за потребите на ОУ Славко Лумбарковски , Новаци

Развојот на информатичката технологија зема голем замав во денешно време , многу често новите информатички помагала се користат во наставата на учениците . Секое дете заслужува да ги ужива новите трендови на коористење на овие апарати , училниците мора да бидат модерни и да одговаараат не денешното време . Затоа како многу битни битни помагала се и Смарт таблите, во оваа програма предвидуваме набавка на 3 смарттаблио со тенденција оваа бројка да се зголеми.

7. Формирање на мали библиотеки со лектири , речници , енциклопедии и други корисни книги .

Читањето на детето уште од најрана возраст е многу вашно за неговиот развој, идниот школски па и деловен успех. Истражувањата покажуваат дека не децата на кои им се читало уште од најрана возраст, се развиваат побрзо, покажуваат поголем интерес за животната средина, подобро комуницираат, брзо учат и тоа е директно поврзано со нивните успеси во иднина. Исто така, истражувањата покажуваат дека ненадокнадно е она што не е стимулирано во раното детство. Додека слушаат што читате, децата го чувствуваат јазикот на сосема поинаков начин. Дури и многу мало дете ужива додека му се чита, посебно ако го менувате гласот, имитирајќи различни јунаци од приказните. Има многу придобивки од читањето книги. Читањето го подобрува менталното, емоционалното и физичкото здравје на децата.

Збогатување на училиштата со мали билииотеки со лектитри, речници ,енциклопедии и други корисни книги е најдобрата услуга што можиме да им ја направиме на учениците . Затоа во оваа програма посветуваме големо внимание на книгите .

8. Уредување на училишните дворови во сите училишта со клупи за одмор

Училишните дворови се места каде што децата ги користат своите слободни активност , дворовите треба да се уредени и на децата да и им ги пружат сите услови за одмор . Затоа општината продолжува во инвестирање на клупи за одмор и уредување на дворовите . Во училишните дворови треба да доминираат зелените површини . Чистат и здрава средина треба да му биди достапна на секое дете .

9. Секој труд треба да биди нагдарен . Учениците кои ќе покажат успеси надвор од училишните клупи заслужуваат да бидат наградени  и стимулирани за да продолжат со своето

надоградување. Во тој концепт предвидуваме парични награди за секој ученик кој ќе освои награда надвор од своето училиште . Земаќи во предви колку е тешко и посветено да се работи со талентираљно дете , да се препознае талентот и правилоно да се насочува , сметаме дека наставникот-ментор треба исто така да биди награден и мотивиран за понатамошни предизвици . Паричните награди кои ќе се однесуваат на учениците кои ќе добијат награда ќе бидат исти и за наставникот ментор .

. Награда од 10 000 денари за освоено I место

. Награда од 6000 денари за освоено II место

. Награда од 3000 денари за освоено III место

10 . Набавка на нови столчиња , масички и клупи

Секогаш велиме дека децата треба да се чувствуваат како дома во своите училници , инвентарот во училниците често се оштетува , затоа е потребно почесто да се заменува во нов . Континуирано одржување на училниците е наша примаран обврска и должност. Затоа во новата програма планираме редовно набавување на столчиња , клупи и масички .

| | | |
|---|---|---|
| Набавка на нови столчиња , клупи и масички | | ЦК “Славко Лумбарковски” и 8 подрачни училишта |

11.Општина Новаци редовно се грижи за децата во ОУ Славко Лумбарковски и подрачните училишта да ја почувствуваат новогодишната и божиќната магија . Празниците треба да не спојубваат и да бидат среќни за секое дете . Редовно секоја година општина Новаци обезбедува новогодишни пакетчини за сите ученици и организира новогодишна прорграма со најразлични содржини .

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

___________________________